Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеја 10[1] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), а во врска со член 70 став 7 и став 8 од истиот Закон, член 15 став 1 алинеја 19 и член 39 став 1 алинеја 10 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, постапувајќи по Писменото барање од заинтересирана страна, физичкото лице Блерим Јакупи од Тетово (наш арх.бр.0803-697/1 од 12.02.2024 г.) со дополнување (арх.бр.08-697/6 од 17.07.2024 г.), а согласно Студијата за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио на локално ниво на подрачјето на општина Тетово арх.бр.03-4243/1 од 14.10.2024 г. и Заклучокот арх.бр.02-4253/6 од 18.10.2024 година, на 39-та седница одржана на 17.10.2024 година, ја донесе следната

# ОДЛУКА
## за одбивање на барањето за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на локално ниво на подрачјето на општина Тетово

1. СЕ ОДБИВА Писменото барање од заинтересираната страна, физичкото лице Блерим Јакупи од Тетово (наш арх.бр.0803-697/1 од 12.02.2024 г.) со дополнување (арх.бр.08-697/6 од 17.07.2024 г.), за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис на локално ниво на подрачјето на општина Тетово, од причина што со Студијата за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио на локално ниво на подрачјето на општина Тетово (арх.бр.03-4243/1 од 14.10.2024 г.), се утврди дека не постои оправданост за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за музичко радио на локално ниво, на подрачјето на општина Тетово.
2. Одлуката се објавува на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
3. Оваа Одлука е конечна.

## Образложение

До Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) на 12.02.2024 г., беше доставено Писмено барање, арх.бр.0803-697/1 од 12.02.2024 г., од заинтересирана страна, физичкото лице Блерим Јакупи од Тетово, за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис на локално ниво на подрачјето на град Тетово.

Агенцијата, согласно член 70 став 4 од ЗАВМУ, на 15.02.2024 г., по повод поднесеното барање од заинтересираната страна се обрати со писмен допис до Агенцијата за електронски комуникации (АЕК) за да побара информација за можна слободна фреквенција на подрачјето на град Тетово, како и информација за начелни технички параметри врз основа на кои ќе се изработи техничко решение за емитување на радио програма на локално ниво на истото подрачје (наш арх.бр.0803-697/2). АЕК, со допис арх.бр.0805-644/2 од 28.02.2024 г. (наш арх.бр.0803-697/4 од 04.03.2024 г.), ја извести Агенцијата дека врз основа на техничката анализа од страна на Секторот за

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија” бр.248/18).

радиокомуникации и мерењата во реонот на градот Тетово, утврдено е дека постои можност за доделување на фреквенција за локално радио покривање, како и дека начелни параметри според кои треба да се изработи техничко решение за покривање на градот Тетово се следните: „Можна локација на предавател: Тетово кале, Ефективна израчена моќност: 300 W и Фреквенција: 107.2 MHz.

По доставување на предметното писмено барање, на 14 февруари 2024 г., Претседателот на Собранието на РСМ донесе Решение за распишување избор за претседател на РСМ, арх.бр.09-1168/1 и Решение за распишување избори за пратеници во Собранието на РСМ, арх.бр.09-1169/1, двете од 14.02.2024 г. („Службен Весник на РСМ“ бр.37/24), со кои беше утврдено дека изборите ќе се одржат на 24 април и на 8 мај 2024 г. Со оглед на распишаните избори во 2024 г., а имајќи предвид дека доставеното предметно барање се однесуваше за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на програмски сервис преку ограничен природен ресурс - радиофреквенција, Советот на Агенцијата на 7-та седница одржана на 28.02.2024 г., донесе Заклучок арх.бр.0201-1006/2 од 28.02.2024 г. да се прекине постапката по доставеното писмено барање, до завршување на изборот на претседател на РСМ, пратеници во Собранието на РСМ и изборот на Владата на РСМ во 2024 г., согласно со резултатите од изборите, по што истата да продолжи согласно одредбите од ЗАВМУ. Агенцијата за донесениот заклучок за прекинување на постапката, како и за преземените дејствија од страна на Агенцијата согласно пропишаната постапка во ЗАВМУ, на 29.02.2024 г. го извести подносителот на барањето, како заинтересирана страна со допис – Известување по повод доставено барање (наш арх.бр.0803-697/3), кој допис беше примен од страна на Блерим Јакупи од Тетово на 04.03.2024 г.

Со оглед дека согласно заклучоците од Државната изборна комисија, арх.бр.08-2163/1 г. од 11.05.2024 г. и арх.бр.10-3082/1 од 30.05.2024 г. и Одлуката за избор на Владата на РСМ, арх.бр.08-3127/1 од 23.06.2024 г. („Службен весник на РСМ“ бр.132/24), Претседателските и Парламентарните избори во РСМ во 2024 г. беа официјално завршени, со завршувањето на изборниот процес се создадоа услови за продолжување на постапката, при што Агенцијата на 24.06.2024 г. со Барање за појаснување (наш арх.бр.08-697/5) се обрати до заинтересираната страна и побара во рок од 7 (седум) дена од денот на приемот на дописот да се изјасни дали сè уште е заинтересирана за добивање на дозвола за радио емитување на програмски сервис на локално ниво на подрачјето на град Тетово, кој допис беше примен од страна на Блерим Јакупи од Тетово на 26.06.2024 г. На 17.07.2024 г., до Агенцијата од заинтересираната страна беше доставен Одговор (наш арх.бр.08-697/6) дека сè уште е заинтересирана за објавување на јавен конкурс за добивање на дозвола за радио емитување на програмски сервис на локално ниво на подрачјето на град Тетово).

Во член 70 став 4 од ЗАВМУ е предвидено дека доколку согласно со Планот за доделување и користење на радиофреквенциите, се утврди дека има слободни радиофреквенции, Агенцијата ќе изработи студија со која ќе ја утврди оправданоста за објавување на јавен конкурс, а особено од аспект на исполнувањето на целта на овој закон, како и од аспект на потребите на публиката.

Следствено на наведеното, Агенцијата изработи Студија за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио на локално ниво на подрачјето на општина Тетово (арх.бр.03-4243/1 од 14.10.2024 г.), која е објавена на веб страницата на Агенцијата на 14.10.2024 г.[2] Студијата се изработи за да се утврди оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за локално радио на подрачјето на општина Тетово, како од аспект на исполнувањето на целта на ЗАВМУ така и од аспект на потребите на публиката. Согласно заклучокот од предметната студија, Тетово е општина со најмногу локални радиостаници во Македонија - пет радиодифузери имаат дозвола да емитуваат радиопрограма на ова подрачје. Поднесеното барање се однесува за музичко радио *„кое ќе има за цел да забавува со музика од сите жанрови“.* Четири од петте локални радија во Тетово се музичко-говорни радија, а едно е говорно-музичко радио. Тие заедно пријавиле 657 часа и 30 минути музика неделно и тоа од сите видови музика (народна, популарна, односно забавна, класична и духовна). Во 2023 година, овие пет радиостаници емитувале вкупно

2 https:avmu.mk/wp-content/uploads/2024/10/Студија-за-утврдување-на-оправданоста-за-објавување-јавен-конкурс-за-локално-радио-во-Тетово.pdf

628 часа и 10 минути музика неделно. Анализата на податоците за економското работење покажа дека приходите од продажба на времето за рекламирање на овие пет радиостаници во континуитет се намалувале од 2021 година наваму. Имајќи ги предвид наодите од анализата на постојната понуда и анализата на економските перформанси на радиостаниците во последните три години, заклучокот што произлегува од оваа Студија е дека не постои оправданост за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за музичко радио на локално ниво, на подрачјето на Општина Тетово.

Членот 70 став 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, пропишува дека доколку со студијата од став 4 на член 70 од истиот Закон се утврди дека нема оправданост за објавување на јавен конкурс, Агенцијата во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на студијата ќе донесе одлука со која ќе го одбие барањето од став 1 на член 70 од истиот Закон.

Следствено на сето погоре образложено, врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеја 10 од ЗАВМУ, во врска со член 70 став 7 и став 8 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, член 15 став 1 алинеја 19 и член 39 став 1 алинеја 10 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Студијата за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио на локално ниво на подрачјето на општина Тетово (арх.бр.03-4243/1 од 14.10.2024 г.), постапувајќи по Писменото барање од заинтересираната страна, физичкото лице Блерим Јакупи од Тетово (наш арх.бр.0803-697/1 од 12.02.2024 г.) со дополнување (арх.бр.08-697/6 од 17.07.2024 г.), а согласно Предлогот од Директорот на Агенцијата, арх.бр.08-697/7 и Заклучокот арх.бр.02-4253/6 од 18.10.2024 г., Советот на Агенцијата на 39-та седница одржана на 17.10.2024 г., донесе Одлука со која се одбива Писменото барање од заинтересираната страна, физичкото лице Блерим Јакупи од Тетово (наш арх.бр.0803-697/1 од 12.02.2024 г.) со дополнување (арх.бр.08-697/6 од 17.07.2024 г.), за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис на локално ниво на подрачјето на општина Тетово.

Врз основа на наведеното, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе одлука како во диспозитивот. Одлуката е конечна, а против истата може да се поднесе тужба пред надлежниот суд во рок од 30 дена од денот на нејзиниот прием. Одлуката ќе се објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Оваа одлука е конечна, а против истата може да се поднесе тужба пред надлежниот суд во рок од 30 дена од денот на нејзиниот прием.

**Примерок од Одлуката да се достави до:**

- Заинтересираната страна, подносител на писменото барање, физичкото лице Блерим Јакупи од Тетово;
- Директорот на Агенцијата;
- Сите организациони единици/сектори/служба во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски
- услуги и
- Назначените лица за водење на Уписникот (Уп1).